Бр./Nr 12-1393/2
20-07-2026
г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-1393/1 од 24.03.2026 година, против Министерството ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот поради тоа што за предметниот случај постапил надлежен орган.

Предметот со бр. 12-1393/1 од 24.03.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 24.03.2026 година, поднесена е пријава против Министерството ---- и оформен е предмет бр. 12-1393/1 од 24.03.2026 година.
Подносителот на пријавата укажува дека целта на неговата анонимна пријава е поврзана со истражувањето и објавата на ---- од 19.03.2026 година, во врска со јавната набавка за „----" (----).

Согласно подносителот горенаведената јавна набавка претставувала пример за нефункционалноста и негрижата на државните институции, која со години се одвивала во Министерството ----. Се работело за набавката на готови оброци за ---- проект кој наместо социјална помош, станал механизам за испумпување милиони од државниот буџет.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид на веб-страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Видно од Решение бр. ---- од ---- година, била поништена тендерската документација и постапката по Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр. ---- за набавка на стоки– ---- на договорниот орган Министерство ----, односно постапката која е наведена во пријавата за која се посочени неправилности.

*Според член 130 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021 и 14/2025), Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за: решавање по жалби во постапките за јавни набавки пропишани со овој закон.*

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган (ДКЖЈН), и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk